Уп. бр. 08-91

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвата Енмон д.о.о. Белград со регистрирано седиште на Булевар ослобоѓења 205, 1100 Белград, Србија и Алтериа ЕЕОД со регистрирано седиште на Славјанска 5, кат 3, 1000 Софија, Бугарија преку Андреа Лазаревска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 16.07.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Енмон д.о.о. Белград со регистрирано седиште на Булевар ослобоѓења 205, 1100 Белград, Србија и Алтериа ЕЕОД со регистрирано седиште на Славјанска 5, кат 3, 1000 Софија, Бугарија ќе стекнат заедничка контрола над Керамика Кањижа со регистрирано седиште на Хоргошки пут бб, 24420 Кањижа, Србија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 30.05.2025 година, а дополнето на ден 25.06.2025 година и 02.07.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на Енмон д.о.о. Белград со регистрирано седиште на Булевар ослобоѓења 205, 1100 Белград, Србија и Алтериа ЕЕОД со регистрирано седиште на Славјанска 5, кат 3, 1000 Софија, Бугарија, со која Енмон д.о.о. Белград и Алтериа ЕЕОД ќе стекнат заедничка контрола над Керамика Кањижа со регистрирано седиште на Хоргошки пут бб, 24420 Кањижа, Србија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото и дополнително доставените податоци го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

-**Енмон д.о.о. Белград** е дел од групацијата Енмон, која е активна на пазарот на големопродажба и малопродажба на керамички плочки, гранитна керамика, санитарија и поврзана опрема за бањи, јавни и станбени згради. Групацијата има над 1.200 вработени во осум земји и обезбедува комплетен систем за инсталација на керамика со сите придружни материјали.

Активна е на пазарите во Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Унгарија, Германија, Италија и Канада.

Основниот асортиман во салоните вклучува: керамички и гранитни плочки; санитарни јазли; туш кабини; кади и бојлери; мебел и огледала за бања; материјали за подготовка и монтажа; греење и ладење (како и решенија за одводнување) и додатоци за бања.

Покрај овие дејности, групацијата Енмон се занимава и со изградба на згради во помал сегмент.

Енмон д.о.о. Белград е активно во Северна Македонија преку следните две поврзани друштва:

-**Друштво за трговија и транспортни услуги ЕНМОН извоз-увоз ДООЕЛ Велес** со седиште на ул. Оливер Китановски бр. 119 Велес и регистрирана дејност – tрговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема и

-**Друштво за автотранспорт и трговија ЕНМОН-ТРАНСПОРТ извоз-увоз ДООЕЛ Велес** со седиште на ул. Оливер Китановски бр. 119 Велес и регистрирана дејност-tоварен патен транспорт .

Друштво за трговија и транспортни услуги ЕНМОН извоз-увоз ДООЕЛ Велес и Друштво за автотранспорт и трговија ЕНМОН-ТРАНСПОРТ извоз-увоз ДООЕЛ Велес продаваат стоки и генерираат приходи во Северна Македонија, меѓу другото и од продажба на керамички плочки.

- **Алтериа ЕЕОД** работи во рамките на групацијата друштва СПСЦ Инвест (*SPSC Invest*), која обединува голем број друштва вклучени во различни дејности. Алтериа ЕЕОД нема поврзани друштва, филијали или претставништва во Северна Македонија, но остварува промет во Северна Македонија преку продажба на стоки и тоа продажба на керамички плочки.

-**Керамика Кањижа** е српски производител на керамички плочки, кој работи на пазарот веќе 40 години. Друштвото е активно во производството и пазарот на големопродажба, а во својата работа користи модерни технологии и машини од Италија. Нуди широк спектар на производи, како што се подни и ѕидни керамички плочки, како и порцелански плочки со квалитет на порцелан. Керамика Кањижа ги пласира своите производи на пазарот на Србија и во земјите од Југоисточна Европа.

Керамика Кањижа нема поврзани друштва, филијали или претставништва во Северна Македонија, но остварува промет во Северна Македонија преку продажба на керамички плочки.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и (2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) i) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата воoбичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**